РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх.бр.: 02-1680/1-1
Дата: 25.06.2018 год.

Врз основа на член 218 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018), Одлуката и Укажувањето на Универзитетскиот сенат бр. 02-630/15 од 29.05.2018 година и член 49 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 20.06.2018 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за стекнување на звањето редовен професор доживотно**

1. **Проф.д-р Катерина Здравкова**, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, го задржува наставно-научното звање **Редовен професор доживотно,** сметано од 20.06.2018 год. и заснова работен однос на неопределено време.
2. Со именуваниот/та да се склучи нов договор за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во врска со повторниот избор во наставно-научно звање – редовен професор, зазеде став кој е објавен во Универзитетскиот гласник бр. 363 од 03.05.2017 год.

Проф.д-р Катерина Здравкова е избран/а во звањето редовен професор, сметано од последниот избор, односно 20.05.2004 год., а со оваа одлука редовниот професор го стекнува **звањето редовен професор доживотно**. Наставно-научниот совет по службена должност донесува одлука со која констатира дека лицето го стекнало звањето редовен професор доживотно и заснова работен статус редовен професор на неопределно време.

Согласно член 218 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) именуваниот/та заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Врз основа на гореизнесеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено: именуваниот, УКИМ, архива, персонално досие

Декан
Вон.проф.д-р Иван Чорбев

Изработил: м-р Валентина Трајанова
Одобрил: м-р Игор Цветановски